ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-213/2**

**Дата: 27.01.2011**

**ДО**

**СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**„НИКОЛА КАРЕВ“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје „Никола Карев“ – Скопје (во натамошниот текст СУГС „Никола Карев“) - сметка на расходи на буџет на дотации, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката расходи на буџет на дотации, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење

Со ревизијата е констатирано дека кај СУГС „Никола Карев“ не е евидентирана добиената компјутерска и друга опрема, не е воспоставен систем на интерни контроли при процесот на плаќање и уредно архивско работење. При спроведувањето на јавните набавки не се почитувани постапките предвидени со Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата во СУГС „Никола Карев“ ревизијата препорачува да се да преземат активности за евидентирање на примената опрема, да се обезбедат соодветни интерни контроли со кои ќе се гарантира веродостојноста и вистинитоста на сметководствената документација како основ за признавање на расходите и да се обезбеди почитување на постапките за јавни набавки и архивско работење утврдени со закон.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на СУГС „Никола Карев“ - сметка на расходи на буџет на дотации, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на СУГС „Никола Карев“ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Горица Илијоска, директор од 20.02.2003 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на СУГС „Никола Карев“ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување. .

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Субјектот има добиено опрема од државен орган по пат на преотстапување на трајно користење која не е евидентирана во деловните книги, нема извршено целосен попис на средствата, и нема воспоставено евиденција на материјалите и ситниот инвентар на залиха. Поради изнесеното ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување мислење за Билансот на состојба на ден 31.12.2010 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.10.2010 до 26.11.2010 кај СУГС „Никола Карев“ од тим на Државниот завод за ревизија.

**Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 24.11.2010 година.
На ден 21.01.2011 година примени се забелешки од одговорното лице на субјектот, број 09-213/1 од 21.01.2011, по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.
Забелешките се разгледани и е оценето истите да не се прифатат бидејќи не содржат нови докази кои ќе ги променат констатациите изнесени во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

3.1 **Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

3.1.1 Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31 декември 2009 година не е извршен во согласност со членовите 31 и 31в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници поради тоа што:

- На пописните листи не е прикажана парична вредност на пописаните материјални средства, поради што е отежнато утврдувањето на евентуалните вредносни разлики помеѓу фактичката и сметководствената состојба.
- Не е извршен попис на обврските, побарувањата, материјалите и ситниот инвентар, со што не е утврдена нивната фактичка состојба;

Неправилностите во извршениот попис не даваат доволно уверување за реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

**Препорака**
Одговорните лица во училиштето да преземат активности за целосно спроведување на пописот во согласност со законските прописи.

3.1.2 СУГС „Никола Карев“ во текот на 2008 и 2009 година има добиено 58 лаптоп компјутери, 274 компјутерски маси, 548 училишни столчиња и 78 постоља за компјутер од Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество. Поради необезбедена документација за вредноста на примената опрема, истата не е сметководствено евидентирана заклучно со 31 Декември 2009 година во согласност со член 90 од Законот за користење и

располагање со стварите на државните органи. Ваквата состојба има за ефект нереално прикажување на билансните позиции во Билансот на состојбата на ден 31 Декември 2009 година.

Училиштето нема склучено договор со Министерството за образование и наука за примената компјутерска опрема во рамките на проектот „Компјутер за секое дете“ која според известувањето од министерството е прокнижена во сметководствената евиденција со вредност од 5.725 илјади денари. Основот за евидентирање, без склучен договор не е во согласност со член 54 и 54а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Одлуката на Владата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на јавните средни училишта во РМ од 29.12.2008 година.

**Препорака**

Одговорните лица во училиштето да преземат активности за обезбедување на потребната документација за вредноста на примената опрема и истата да се воведе во сметководствената евиденција на училиштето.

3.1.3 Училиштето има извршено набавки на материјали за административно работење, хигиенски материјали и ситен инвентар кои согласно член 6 од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници не се евидентирани во сметководствената евиденција на соодветните конта за залихи. Најчеста пракса е при приемот на материјалите истите да се стават во употреба, иако сите количини не можат веднаш да се потрошат. СУГС „Никола Карев“ нема воспоставено материјална евиденција на набавените материјали и ситен инвентар, што упатува на необезбедена материјална одговорност од лицата кои ракуваат со нив. Ваквата практика придонесува одговорните лица во училиштето да немаат точен податок за видот и количеството на материјали кој ги поседува училиштето, што го оневозможува планирањето на идните набавки според реалните потреби, создава ризик од нерационално користење и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбата на материјалите и ситниот инвентар на залиха и во употреба.

**Препорака**

Да се воспостави материјална и финансиска евиденција врз приемот и издавањето на залихите на материјали и ситен инвентар и да се изврши материјално задолжување на лицата одговорни за магацинското работење.

**Биланс на приходи и расходи**

3.1.4 Ревизијата утврди дека признавањето на приходите и расходите не се засновани на веродостојни и уредни документи (фактури и сметкопотврди), односно не се одобрени со потпис од страна на овластено лице во училиштето. Дел од извршените набавки на стоки и услуги не се поткрепени со соодветна валидна документација (испратници, приемници, работни налози и спецификации) која треба да содржи основни елементи кои ја потврдуваат

набавката. Наведеното не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 14 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисиници и може да има за ефект нереално и необјективно на прикажување на вредноста на извршените набавки на стоки и услуги.

**Препорака**

Директорот на училиштето да назначи одговорно лице кое ќе врши проверка и со свој потпис ќе ја гарантира веродостојноста и вистинитоста на сметководствената документација. Исплатите кон коминтентите да се вршат врз основа на комплетна, ажурна и навремена сметководствена документација.

3.1.5 СУГС „Никола Карев“ во текот на 2009 година има извршено исплати за извршени услуги за кои ги утврдивме следните недостатоци:

- Извршена е исплата на едно лице редовно вработено во училиштето со кое е склучен договор на дело за изработка на распоред на часови, како и исплата на надоместоци за пополнување на свидетелства и дипломи на учениците. Изработката на распоред на часови е редовна обврска која училиштето треба да ја изврши со цел да обезбеди нормално одвивање на наставниот процес, додека доделувањето на свидетелства за завршена учебна година и дипломи за завршено средно образование е задолжителна законска обрска на училиштето. Ваквата состојба има за ефект исплата на средства без правен основ во вкупна висина од 92 илјади денари.
- Исплатени се средства за такси превоз во висина од 23 илјади денари. Не се наведени релациите на кои е вршен превозот, а дел од исплатите се извршени врз основа на бланко сметкопотврди без фискални сметки. Кај дел од приложената документација не е наведена потребата од такси превоз, а неговото користење не е одобрено од страна на овластено лице.
- Директорот на СУГС „Никола Карев“ има донесена одлука за ограничување на износот за користење на службениот мобилен телефон во висина од 7.500 денари за еден месец. Со оглед на тоа што корисник на службен мобилен телефон во училиштето е само директорот, а со цел да се оствари разграничување на должностите оваа одлука требало да биде донесена од страна на Училишниот одбор или од страна на основачот. Во текот на 2009 година констатиравме и надминување на горенаведениот месечен лимит, но за истото не е извршено соодветна задршка од платата. По овој основ во текот на 2009 година исплатени се вкупно 73 илјади денари.

Ваквата состојба има за ефект исплата на средства без правен основ во вкупен износ од 188 илјади денари.

**Препораки:**

1. СУГС „Никола Карев“ да изврши ажурирање на Правилникот за систематизација на работните места во кој изработката на распоред на часови и пишување на свидетелства ќе бидат предвидени како редовни работни обврски.
2. Правото на користење на такси превоз да се уреди со интерен акт, а признавањето на расходите по овој основ да се одобрува од страна на овластено лице.
3. Органот на основачот на училиштето да донесе акт за лимитирање на висината на износот за користење на службен мобилен телефон. При изготвување на правилникот да се има предвид Одлуката на Владата на РМ за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката.

## 3.2 Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

3.2.1. Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата на училиштето за 2009 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 7 постапки за јавни набавки спроведени во 2009 година со барања за прибирање на понуди без објавување на оглас, односно сите спроведени постапки во текот на 2009 година кои имаат ефект во финансиските извештаи на СУГС „Никола Карев“. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 887 илјади денари. Во текот на 2009 година извршени се плаќања по основ на спроведени постапки за 9 јавни набавки од 2008 година во износ од 532 илјади денари. Од извршениот увид ги утврдивме следните недостатоци:

- Годишниот план за јавни набавки е донесен во месец април односно три месеци подоцна од рокот предвиден во член 26 од Законот за јавни набавки. Во текот на 2009 година дополнително се спроведени три набавки за кои не се извршени измени и дополнување на планот за јавни набавки што е спротивно на погоре наведениот член од Законот.
- Училиштето не води евиденција на спроведените постапки за јавни набавки со прибирање понуди, која задолжително треба да се доставува до Бирото за јавни набавки на полугодишна основа во согласност со член 103 од Законот за јавни набавки
- За дел од спроведените постапки за јавни набавки по пат на прибирање понуди не се доставени докази за потврдување на способноста за вршење

на дејноста од страна на економските оператори што е обврска предвидена во член 102 од Законот за јавни набавки.

- За спроведените набавки за канцелариски материјал, авионски карти и замена на подови во училиштето во вкупен износ од 224 илјади денари не се спроведени постапки за јавни набавки со прибирање на понуди без објавување на оглас во согласност со членот 100 од Законот за јавни набавки.
- За три извршени набавки во текот на 2009 година за транспорт и монтажа на материјали за централно греење, набавка на термоизолационо стакло и метални закачалки во вкупен износ од 329 илјади денари утврдивме дека фактурите се платени пред донесување на одлуките за избор на најповолен понудувач и пред да се склучат договорите со носителите на набавките. Ваквата состојба наведува на само формално задоволување на одредбите од Законот за јавни набавки, односно дека носителот на набавката бил однапред познат.
- Дел од склучените договори немаат одредби за точно утврдена цена на набавката, односно истите се повикуваат на цените дадени во спецификацијата на понудите.

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

3.2.2. Од извршениот увид во презентираната документација за спроведените постапки за јавни набавки утврдивме дека во 2009 година три одлуки за јавна набавка, три склучени договори и два записници од отварањето на понудите архивски се евидентирани под ист архивски број. Во 2008 година вкупно 9 склучени договори се заведени под ист архивски број, а 9 одлуки за јавна набавка се заведени под два различни архивски броја. Ваквото работење не е во согласоност со член 3 од Уредбата за канцелариско и архивско работење и точка 18 од Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење.

Дел од записниците од отворањето на понудите ги немаат потпишано сите членови на комисијата за јавни набавки или извршено е корегирање на потписите или имињата на членовите на комисиите. На увид ни беше доставен и конечниот извештај за извршена ревизија на училиштето од страна на внатрешниот ревизор на Град Скопје од септември 2010 во кој е констатирно дека не се носени посебни одлуки за секоја јавна набавка, досиејата за набавки не се комплетни, нема тендерска документација, записници, образец за вршење на професионална дејност од избраните понудувачи и известувања за избор на најповолен понудувач, а кои ни беа презентирани од страна на одговорните лица во училиштето.

Ваквата состојба наведува на ненавремено и неажурно заведување на предметите во архивата на училиштето поради што не сме уверени во законитоста на спроведените постапки за јавни набавки и покрај тоа што ни беше презентирана архивирана документација за истите.

**Препорака**

1. Училишниот одбор да го усвојува Планот за јавни набавки во законски пропишаниот рок и редовно да ги разгледува и по потреба да ги одобрува предложените промени во планот.
2. Стручните служби во СУГС „Никола Карев“ да изготват насоки во кои подетално ќе бидат опишани сите активности што комисијата за јавни набавки треба да ги спроведе во поглед на целосно обезбедување на потребната документација, како и навремено и транспарентно спроведување на постапките за сите извршени набавки во текот на годината.
3. Одговорните лица во училиштето да обезбедат доследно почитување на одредбите од соодветните законски и подзаконски акти од областа на канцеларискотo и архивското работење, како и навремено и континуирано да вршат архивирање на целокупната документација.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точките во точката 3.1.1, 3.1.2, 3.1.3 и 3.1.4 кои се однесуваат на неправилности во извршениот попис, сметководствено неевидентирана компјутерска и друга опрема, невоспоставената сметководствена евиденција на набавените материјали и ситен инвентар и нецелосна поткрепувачка документација за дел од извршените исплати ревизијата не обезбеди основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1, 3.1.2, 3.1.3 и 3.1.4 ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на СУГС „Никола Карев“ на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на СУГС „Никола Карев“ - сметка на расходи на буџет на дотации, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 27.01.2011 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ________________
2. ________________
3. ________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 31.036 | 21.950 |
| **Вкупно приходи** | **31.036** | **21.950** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 25.065 | 16.896 |
| Стоки и услуги | 5.971 | 5.054 |
| **Вкупно тековни расходи** | **31.036** | **21.950** |
| **Вкупно расходи** | **31.036** | **21.950** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 0 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 578 | 1.236 |
| **Вкупно тековни средства** | **578** | **1.236** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 17.578 | 18.169 |
| **Вкупно постојани средства** | **17.578** | **18.169** |
| **Вкупна актива** | **18.156** | **19.405** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 578 | 1.236 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **578** | **1.236** |
| Извори на капитални средства | 17.578 | 18.169 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **17.578** | **18.169** |
| **Вкупна пасива** | **18.156** | **19.405** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **18.169** | **18.169** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | - |
| Набавки | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **591** | **591** |
| Отпис на капитални средства | - | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - |
| Амортизација | 591 | **591** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **17.578** | **17.578** |

21-01-2011
09 293/1

До
Државен завод за ревизија

ИЗЈАСНУВАЊЕ ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2009 ГОДИНА ВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ “НИКОЛА КАРЕВ” СКОПЈЕ

Од Горица Илијоска, актуелен директор на Средно училиште на Град Скопје “Никола Карев”Скопје, од 2003 година до декември 2010 година.

По однос на Вашиот НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ, доставен до мене на 20. 12. 2010 година (прилог бр.1), го доставувам ова изјаснување по одредени препораки.

После три мои писмени барања до секретарот на СУГС Никола Карев Скопје, Вера Распашковска, да ми достави материјал со кој би ги побила одредени сознанија од Вашиот нацрт извештај, принудена бев да лично интервенирам до Секретарот на Собрание на Град Скопје, после што ми беше доставена документација на 18. 01. 2011 година во 16.30 часот, која е далеку од она што јас инсистирам да ми се достави. (прилог бр. 2,3).
Последните денови од декември, после моето разрешување од страна на Градоначалникот и истовремено назначување на в.д. директор, во училиштето настана промена која индиректно влијаеше на изготвувањето на овој извештај, но не во толкава мера да не може да се припреми истиот.

Меѓутоа, самото одбивање да од секретарот ги добијам бараните документи и објаснувањето за истите согласно препораките, ме упатува на оправдано сомневање дека постои документација која не е уредно доставена до претставниците на ревизијата, како и документација која јас не ја добив до 18.01.2011 година, според мои претпоставки поради конфузност и непрофесионалност на работата на секретарот која се покажува во текот на целокупното нејзино работење во училиштето.

Во однос на некои одредени препораки, за нивната веродостојност, сакам да дадам одредени сознанија, јас лично без помош на други одредени одговорни лица од училиштето, како Вие тоа го наведувате во препораките кои треба да преземат активности.

** По препораката од точка 3.1.1 од сметка на расходи на буџет на дотации, доставувам документација од извршениот попис со пописни листи со парична вредност на попишаните материјални средства, заедно со одлуките за истиот (прилог 4).

* * По препораката од точка 3.1.2 од сметка на расходи на буџет на дотации, одговорноста на директорот се исклучува, поради тоа што за проектот “компјутер за секое дете”, за компјутерските маси и лаптоповите, вредносни износи не се добиени од Министерството за образование и наука. Испратниците Ви ги доставувам во прилози 5 и 6).
Договори од страна на Министерството доставени се во октомври 2010 година, потпишани од страна на директорот, но се уште не се вратени со потписи од Минисерот и Градоначалникот на Град Скопје.

** По препораката од точка 3.1.3 од сметка на расходи на буџет на дотации, во врска со попис на обврските, побарувањата, материјалите и ситниот инвентар, да напоменам дека во училиштето нема материјален книговодител, како што и нема домаќин, туку лицето Васе Грнчаров е примен како

хаусмајстор, но врши набавки од мала вредност за одржување на училишната зграда, кои секогаш недостасуват поради добиени мали средства за оваа намена.(доставен Статут)

** По препораката од точка 3.1.4 од сметка на расходи на буџет на дотации, за 2010 година, директорот има определено лице кое ќе врши проверка на веродостојноста и вистинитоста на сметководствената документација (Тодор Пачаџиев), а исплатите се проверувани и одобрувани со заедничка спецификација. (прилог бр.7 ), а од 2010 година и поединечна проверка по укажување на компетентно лице од Градска ревизија.

** По препораката од точка 3.1.5 од сметка на расходи на буџет на дотации, сакам да укажам на фактот дека по однос на исплатата за распоред дека тоа е само една сума годишно која се исплаќа во нашето училиште, и тоа се прави со години наназад. Во стручните училишта каде има многу вонредни ученици, се врши редовна месечна исплата на вработените од одржаните испити. Никогаш немало реакции од просветните инспектори, што било и патоказ да се врши еднократна исплата и кај нас за цела наставна година.
Во поглед на лимитирање на висината на износот за користење на службен телефон, сметаме дека Одлуката на влада се однесува само за користење од буџетската сметка. Училиштето има и сопствени приходи кои ги користи како за телефонските сметки, така и за потребите од такси и други превози од причина што училиштето има 1200 ученици и во време кога се работи на многу проекти каде се вклучуваат учениците заедно со нивните ментори, не може да не се издвојат средства или да се испланираат во точна сума. Комуникацијата со родителите е од големо значење за нашето функционирање, земајќи ја предвид возраста на децата и сите непредвидени нивни однесувања, ние сме должни да ги следиме и да ги спречуваме заедно со родителите. Тоа е единствена причина за високи телефонски сметки, особено на мобилниот телефон со кој се остваруваат скоро сите контакти денес.
** По препораките од точка 3.2.1 и 3.2.2, од сметка на расходи на буџет на дотации.сакам да потенцирам дека сите наведени слабости наведени во препораката се во работна обврска на правникот на училиштето, секретарот Вера Распашковска. Во училиштето нема спроведна набавка со сума над 300,000.00 денари и никогаш не е спроведена тендерска постапка. Сите преземени инфраструктурни зафати се преку одлуки на Училишен одбор, како и сите дополнувања на средства од непланирани датации од Градот Скопје, за кои не е можно да нема документација, затоа што истата беше доставена до градот. Исто така финансиите сврзани за проектите се нешто кое бараше финансиска конструкција испратена до носителот на проектот во Австрија со образложение за распределба на добиените средства и оправданоста на истата.
Периодот 2008 и 2009 година беше извонредно тежок за нашето училиште поради проблемите со просторот поради големината на нашето и училиштето Зеф Љуш Марку. На Училишен одбор на крајот на учебната 2007/08 година одобрени беа сите инфраструктурни зафати што беа предложени од директорот, поради имање средства во училиштето и поради најавеното дислоциране на другата гимназија. Тоа беше транспарентно и објавено пред целиот колектив. Се беше испланирано, со единствена негативност што не се почитуваше пооделна комисија за секоја набавка, од причина што од нашиот правник не ни беше укажано на тој дел од Законот за јавни набавки.
Меѓутоа, дислокацијата на другото училиште се пролонгира со што учебната 2008/09 година почна со проблеми, како со просторот, така и со користење на веќе донесените компјутери на име на Никола Карев. (прилог 8 и прилог 9 за подетално објаснување на проблемите кои беа специфични само за нашето училиште, единствено во Македонија).
Неажурноста на секретарот како правник довело до констатација од Ваша страна за состојба на фактури платени пред донесување на одлуки за избор на најповолен понудувач и пред да се склучат договорите со носителите на набавките.
Исто така, утврдено е дека во 2009 година, три одлуки за јавна набавка, три склучени договори и два записници од отворање на понудите архивски се евидентирани под ист архивски број. Во 2008 година, вкупно 9 склучени договори се заведени под ист архивски број, а 9 одлуки за јавна набавка се заведени под два различни архивски броја.

Вашите препораки наведуваат на тоа да одговорните лица во училиштето обезбедат доследно почитување на одредбите од соодветните законски и подзаконски акти од областа на канцелариското и архивското работење, како и навремено и континуирано вршење на архивирањето на целокупната документација.
Пред се сакам да го нагласам непобитниот факт дека архивата ја води лице со решение за водење на архивата според статутот на училиштето. Според статутот на нашето училиште(прилог бр.10) секретарот Вера Распашковска, покрај другите задолженија има и законска обврска за:
- Да се грижи за законитоста и правилната примена на законот, Статутот и другите општи акти
- Да ги следи позитивните законски прописи и укажува на потребата за нивно применување
- Да ја следи примената на општите акти и врши нивно толкување
- Учествува во изготвувањето на материјалите за работа на Училишниот одбор, закажува седници и правно формулирање на истите
- Изготвува решенија и одлуки кои се донесени од органите во училиштето

Но, за жал сите пропусти се од секретарот кој со непочитување на своите работни обврски, има направено многу проблеми во функционирањето на училиштето, како што и се потенцирани во Вашиот нацрт извештај. Дека е тоа така, Вера Распашковска има добиено многу усмени и писмени опомени, како резултат на што беше дадена и на дисциплинска комисија, после разгледување на настанатите проблеми од поширок размер на седница на Училишен одбор(прилог 11), како и Кривична пријава од Основно Јавно Обвинителство до училиштето и до директорот, за фалсификат список на членови на комисија доставен до Суд како доказан материјал за судски спор, за што постои и изјава од Вера Распашковска, и кој спор е во тек.(прилог 12,13,14).

По препораката 3.1.1. од сметка на буџет од самофинансирачки активности, никаква одговорност нема училиштето за сеуште непренесените основачки права и обврски над постојните државни средни училишта, на Град Скопје, согласно Одлуката на Владата. Неосновано стекнатите средства се нешто со што е запознат и Градот Скопје. Доказ за тоа е што и во овој период, и оваа учебна година, гореспоменатата процедура не е направена, но училиштата имаат добиено согласност за издавање на простор.

По препораката 3.1.2. од сметка на буџет од самофинансирачки активности, оваа наставна година, како и претходните години, училиштето не собира средства од родителите. Единствен период кога тоа се оствари, тоа беше на предлог на родителите и преку Советот н родители, кое го одобри Училишниот одбор, за кое има одлука. Сакам да напоменам дека Ова се случи поради лошата состојба во која се наоѓаше училиштето, отворени зидови, оштетени подови од кои се креваше прашина, и многу други оштетувања кои влијаеа на здравјето на децата.
Секој родител беше информиран писмено за одлуката, и ниту еден ученик кој немаше уплата, не трпеше последици, како резултат на барањето на поимотни родители, кои со материјали учествуваа во оваа акција за оправување на училиштето.

Се надевам дека овие образложенија ќе бидат замени во предвид, како и фактот што училиштето функционираше добро и многу вложи во подигање на својот рејтинг и покрај големите финансиски проблеми и извршни решенија. Не се отфрли ниту еден проект во кои беа вклучени ученици и професори, не се отфрли ниту една покана за учество на семинари и обуки и се постигнаа многу успеси во тој период 2008-2009 година кои излегоа и надвор од нашата држава.

Со почит и благодарност

Скопје, 20.01.2011 Горица Илијоска

Илијоска

## Одговор на забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор од Средно училиште на град Скопје „Никола Карев“- Скопје,

На ден 21.01.2011 година под архивски број 09-213/1 добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на Овластениот државен ревизор од СУГС „Никола Карев“ – Скопје, сметка на расходи на буџет од дотации. Забелешките се разгледани од страна на ревизорскиот тим и по истите е констатирано следново:

1. Забелешката која се однесува на наодот во точката 3.1.1. од Нацрт извештајот во врска со неприкажаната парична вредност на материјалните средства во пописните листи **не се прифаќа,** од причини што доставената пописна листа не е потпишана од членовите на пописната комисија.
2. Забелешката која се однесува на наодот во точката 3.1.2. од Нацрт извештајот во врска со неизвршено евидентирање на компјутерската опрема, маси и лаптопи примени со проектот „Компјутер за секое дете“, како и несклучениот договор со Министерството за образование и наука за примената компјутерска опрема **не се прифаќа,** од причини што наведеното во забелешката ги потврдува констатациите во наодот. Обврска на училиштето е да ги преземе сите активности во врска со обезбедување на потребната документација за да изврши евидентирање на примената опрема во сметководствената евиденција.
3. Забелешката која се однесува на наодот во точката 3.1.3. од Нацрт извештајот во врска со невоспоставената материјална евиденција на набавените материјали и ситен инвентар **не се прифаќа** поради тоа што задолжувањето на лицето (хаус-мајстор) за набавки од мала вредност за одржување на училишната зграда и доставениот акт во кој се опишани неговите работни задачи не се соодветен доказ кој може да влијае на промена на наодот.
4. Забелешката која се однесува на наодот во точката 3.1.4. од Нацрт извештајот во врска со вршењето на исплати по примени фактури и сметкопотврди без одобрение од овластено лице како набавки кои не се поткрепени со веродостојна и уредна документација (испратници, приемници, работни налози и спецификации) **не се прифаќа** со оглед на тоа што во прилог не е доставен писмен доказ на тврдењето дека директорот има определено лице кое ќе врши проверка на веродостојноста и вистинитоста на сметководствената документација. Контролата на вистинитоста и точноста на документацијата врз основа на која се вршат плаќањата треба да се врши пред плаќањата да настанат.

5. Забелешката на точка 3.1.5. од Нацрт извештајот во врска со извршените исплати за подготовка на распоред на часови, пополнување на свидетелства и дипломи, користење на такси превоз и надминување на месечниот лимит на износот за користење на службениот мобилен телефон, **не се прифаќа** поради тоа што изнесеното во забелешката ги објаснува само причините за направените расходи, но не и правниот основ за исплата на утврдените износи кои се одобрени само од директорот, но не и од страна на друг повисок орган на управување.
6. Забелешките на точките 3.2.1. и 3.2.2. од Нацрт извештајот кои се однесуваат на утврдени слабости при спроведување на постапките за јавни набавки и архивираната докумантација за различни постапки за јавни набавки под ист архивски број, **не се прифаќа** бидејќи во прилог не е доставена документација која би влијаела на промена на наодот.

Скопје, 26.01.2011 година

Овластен државен ревизор
___________________________